PHILIPS

Радио со интернет

TAPR802




# Корисничко упатство

**Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на www.philips.com/support**

# Содржина


1 **Важно** 2
Безбедност 2

2 **Вашето радио со интернет** 3
Вовед 3
Што има во кутијата 3
Преглед на радиото 4

3 **Почетни чекори** 5
Подгответе ја радио антената 5
Поврзување со напојување 5
Извршување почетно поставување 6
Вклучување 7

4 **Слушање радио на интернет** 8
Користење мени во режим за радио на интернет 8
Зачувување радиостаници на интернет 9
Избирање меморирана радиостаница на интернет 9
Прикажување информации за радио на интернет 9

5 **Слушање Поткасти** 10

6 **Слушање Spotify** 10

7 **Слушање DAB радио** 11
За DAB 11
Пребарување за DAB радиостаници 11
Зачувување радиостаници DAB 11
Избирање меморирана DAB радиостаница 12
Користење мени во режим DAB 12
Прикажување информации за DAB 13

8 **Слушање FM радио** 14
Пребарување за FM радиостаници 14
Зачувување FM радиостаници 14
Избирање меморирана FM радиостаница 14
Користење мени во режим FM 15
Прикажување RDS информации 15

9 **Користење на мени со поставки на систем** 16
Прилагодување на мрежни поставки 16
Поставување време/датум 16
Поставување јазик на систем 17
Ресетиртање на сите поставки 17
Проверка на информации за ажурирање софтвер 17
Информации за верзијата на софтвер 18
Прилагодување на поставки за задninско осветлување 18

10 **Користење главно мени** 18
Поставување часовник и аларм 18
Поставување тајмер за спиење 19

11 **Други карактеристики** 20
Репродуцирање аудио преку Bluetooth 20
Прилагодување на јачина на звук 20
Исклучување звук 20

12 **Информации за производот** 21
Спецификации 21

13 **Решавање проблеми** 22

14 **Известување** 23
Усогласеност 23
Известување за заштитен знак 23

# 1 Важно

## Безбедност

**Предупредување**

- Никогаш немојте да го вадите куќиштето на ова радио со интернет.
- Никогаш немојте да подмачкувате ниту еден дел од ова радио со интернет.
- Никогаш немојте да го поставувате ова радио со интернет над друга електрична опрема.
- Чувајте го радиото со интернет подалеку од директна сончева светлина, отворен пламен или топлина.
- Уверете се дека секогаш имате лесен пристап до кабелот за електрично напојување, приклучокот или адаптерот за да го исклучите радиото со интернет од електрично напојување.

- Прочитајте ги и следете ги овие упатства.
- Уверете се дека има доволно слободен простор околу производот за вентилација.
- За секакво сервисирање ангажирајте квалификуван сервисен персонал. Сервисирање е потребно кога радиото со интернет е оштетено на кој било начин, кога електричниот кабел или приклучокот се оштетени, истурена е течност или предмети паднале во радиото со интернет, радиото со интернет било изложено на дожд или влага, не работи нормално или паднало.
- Користете само додатоци/прибор наведени од производителот.
- Користете само уреди за електрично напојување што се наведени во корисничкото упатство.
- Исклучете го производот при грмотевици или кога не се користи долг временски период.
- Производот не треба да биде изложен на капење или прскање.
- Не ставајте никакви извори на опасност на производот (на пр., предмети наполнети со течност, запалени свеќи).
- Таму каде што приклучокот на адаптерот за директно вклучување се користи како уред за исклучување, уредот за исклучување треба да остане лесно пристапен и употреблив.
- Не употребувајте го апаратот во близина на вода.
- Инсталирајте во согласност со упатствата на производителот..
- Не инсталирајте во близина на никакви извори на топлина како радијатори, греалки, печки или други апарати (вклучувајќи и засилувачи) што создаваат топлина.

# 2 Вашето радио со интернет

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосна корист од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/welcome.

## Вовед

Со оваа единица, вие ќе можете да:

- слушате радио на интернет преку мрежно поврзување;
- слушате FM радио и радио со емитување дигитално аудио (DAB);
- репродуцирате аудио од уреди со овозможен Bluetooth. Користете телефон, таблет или компјутер како далечински управувач за Spotify.
- знаете колку е часот; и да поставите два аларма.

## Што има во кутијата

Проверете ја и одредете ја содржината на вашето пакување:

- Радио со интернет
- Адаптер за електрично напојување
- Кратко корисничко упатство
- Брошура за за безбедност и известување

# Преглед на радиото







① ⏻
- Вклучување на радиото. Префрла во режим на подготвеност.

② Копче SELECT
- Вртете надесно или налево да пребарате радиостаници.
- Вртете надесно или налево за да се движите низ листата на менито.
- Притиснете да го потврдите изборот.
- Притиснете и задржете за автоматско скенирање на сите станици во режим на FM пребарувач.

③ ИЗВОР
- Изберете извор: Bluetooth, интернет радио, поткаст, Spotify, DAB радио или FM радио.

④ МЕНИ
- Во режим на работење, пристапува до главното мени.
- Притиснете и задржете за прикажување информации во режим FM/DAB.

⑤ Копче ЈАЧИНА НА ЗВУК/ИСКЛ. ЗВУК
- Притиснете да ја прилагодите јачината на звукот.
- Притиснете да исклучите или повторно да вклучите звук.

⑥ ⏮ ПРЕТХОДНА
- Во режим на Bluetooth: Притиснете да прескокнете на претходната нумера.
- Во режим на пребарувач: Притиснете да прескокнете на претходната меморирана станица.
- Во режим на пребарувач: Притиснете и задржете да се намалува фреквенцијата постојано додека се пребарува станица.

⑦ ★ МЕМОРИРАЊЕ
- Зачувува радиостаници.
- Ја прикажува листата со меморирани станици.

⑧ ⏭ СЛЕДНА
- Во режим на Bluetooth: Притиснете да прескокнете на следната нумера.
- Во режим на пребарувач: Притиснете да прескокнете на следната меморирана станица.
- Во режим на пребарувач: Притиснете и задржете да се зголемува фреквенцијата постојано додека се пребарува станица.

⑨ ЕКРАН ЗА ПРИКАЖУВАЊЕ
- Покажува тековен статус.

⑩ Радио антена/Wi-Fi антена
- Го подобрува радио приемот.
- Го подобрува Wi-Fi приемот.

⑪ DCIN
- За поврзување на адаптер за електрично напојување.

# 3 Почетни чекори

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје еднoподруго.

## Подгответе ја радио антената

За подобар радио прием, целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на антената.

Напомена

- За да спречите интерференција, поставете ја антената најдалеку можно од кои било други извори на зрачење.

## Поврзување со напојување

Внимание

- Ризик од оштетување на производот! Уверете се дека електричниот напон соодветствува на напонот отпечатен на задниот дел или долниот дел од радиото.
- Ризик од струен удар! Кога го исклучувате кабелот за наизменично напојување, секогаш влечете го приклучокот од приклучницата Никогаш не влечете го кабелот.

1 Поврзете го адаптерот за напојување на:
   - приклучокот за влез на еднонасочна струја на задниот дел на радиото, и
   - штекерот на ѕид.



# Извршување почетно поставување

Кога радиото ќе се вклучи за прв пат, на екранот за прикажување се појавува **[Setup wizard]**. Следете ги упатствата подолу за да конфигурирате некои основни поставки.

За да слушате радио на интернет, треба прво да ја поставите Wi-Fi врската. Заштитено поставување на Wi-Fi (WPS) е стандард создаден од Wi-Fi Alliance за лесно воспоставување на безбедна безжична домашна мрежа ако вашиот безжичен пренасочувач поддржува WPS, вие може брзо и безбедно да го поврзете радиото со пренасочувачот со помош на еден од следните два начина на поставување: Конфигурација со копче за притискање (PBC), или Личен идентификациски број (PIN). За оние што не поддржуваат WPS, има друга опција за поврзување на радиото сп безжичниот пренасочувач.

Напомена

- Пред да се поврзете на мрежата, запознајте се со пренасочувачот на мрежата.
- Уверете се дека е овозможена вашата домашна Wi-Fi мрежа.
- За подобар прием на Wi-Fi, вртете ја и прилагодете ја положбата на Wi-Fi антената.

**1** Кога ќе се прикаже **[Setup wizard]** свртете го **копчето SELECT** да изберете **[YES]** да започне поставувањето. Ако изберете **[NO]**, од вас ќе се побара да го активирате волшебникот следниот пат.




**2** Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

↳ **[12/24 hour format]** се прикажува

**3** Вртете го **копчето SELECT** да изберете 12 или 24 часовен формат.

**4** Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

↳ Се прикажува листа за автоматско ажурирање

**5** Повторете ги чекорите 3 до 4 да изберете дали да го синхронизирате времето со радиостаниците.




- **[Update from DAB]**: се синхронизира времето со DAB станици.
- **[Update from FM]**: се синхронизира времето со FM станици.
- **[Update from Network]**: се синхронизира времето со радиостаници на интернет.

↳ Ако се избере **[Update from Network]**, повторете ги чекорите 3 до 4 да поставите временска зона, а потоа повторете ги чекорите 3 до 4 да поставите летно или зимско сметање на времето.

- **[No update]**: се деактивира синхронизацијата на времето.

↳ Ако е избрано **[No update]**, повторете ги чекорите 3 до 4 да поставите датум и време.

**6** Повторете ги чекорите 3 до 4 да изберете **[YES]** да го зачувате поврзувањето на мрежа.

**7** Повторете ги чекорите 3 до 4 да изберете Wlan регион.

↳ Радиото автоматски почнува да пребарува за безжични мрежи.

↳ Се појавува листа на достапни Wi-Fi мрежи.

**8** Повторете ги чекорите 3 до 4 да изберете Wi-Fi мрежа.

**9** Притиснете го **копчето SELECT** да изберете опција за поврзување на вашиот безжичен пренасочувач.




- **[Push Button]**: изберете ја оваа опција ако вашиот безжичен пренасочувач го поддржува начинот за поставување WPS и PBC. Од вас ќе се побара да го притиснете копчето за поврзување на вашиот пренасочувач, а потоа притиснете OK да продолжите.
- **[Pin]**: изберете ја оваа опција ако вашиот безжичен пренасочувач го поддржува начинот за поставување WPS и PIN. Радиото генерира 8-цифрен број на шифра што може да ја внесете во пренасочувачот.
- **[Skip WPS]**: изберете ја оваа опција ако вашиот безжичен пренасочувач не поддржува WPS. Од вас ќе се побара да ја внесете лозинката за вашата Wi-Fi мрежа

**10** Како што е прикажано на екранот за прикажување, притиснете го копчето WPS или внесете го пинот на вашиот безжичен пренасочувач или внесете ја лозинката да се поврзете на мрежата (Прикажаните опции зависат од типот на мрежата и од мрежната заштита што се користи).

- Кога ќе ја внесувате лозинката на мрежата за да изберете знак, свртете го **копчето SELECT**, па притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.




- За да откажете, вртете го **копчето SELECT** да изберете **[CANCEL]**.
- За да го потврдите вашето внесување, вртете го **копчето SELECT** да изберете **[OK]**.
- За да го избришете внесувањето, вртете го **копчето SELECT** да изберете **[BKSP]**.
- За да излезете од постапката, притиснете ⌂.
  - ↳ Ако е воспоставена мрежната врска, се прикажува **[Connected]**

**11** Кога ќе се појави **[Setup wizard completed]**, притиснете **OK** да излезете од поставката.




**Совет**

- За некои пренасочувачи за Wi-Fi, може да биде потребно да го држите копчето WPS за поврзување на Wi-Fi. Видете ги корисничките упатства за конкретните пренасочувачи за детали.
- За повторно да го активирате волшебникот за поставување, изберете мени **[System settings]** > **[Setup wizard]** (видете поглавје **„Користење на менито со поставки на систем“**).

# Вклучување

- Притиснете ⏻.
  - ↳ Радиото се префрла на последниот избран извор.

## Префрла на режим на подготвеност

- Притиснете ⏻ повторно.
  - ↳ Екранот е замаглен.
  - ↳ Времето и датумот (ако се поставени) се прикажуваат.

**Напомена**

- Ако системот е неактивен 15 минути, радиото автоматски се префрла на режим на подготвеност.

# 4 Слушање радио на интернет

Радиото може да репродуцира илјадници радиостаници и поткасти од секаде низ светот преку интернет врска.

## Користење мени во режим за радио на интернет

Откако ќе се воспостави интернет поврзувањето, ќе најдете прикажана листа на станици во листата на станици. Потоа изберете една за да започне емитувањето.

Напомена

- Уверете се дека е овозможена вашата домашна Wi-Fi мрежа. За подобар прием на Wi-Fi, вртете ја и прилагодете ја положбата на Wi-Fi антената.

1 Неколку пати притиснете **SOURCE** да изберете **[Internet radio]** режим.
   - ↳ Радиото почнува да се поврзува на претходно поврзаната мрежа, а потоа пребарува за вашата последна слушана радиостаница на интернет.
   - ↳ Ако не е воспоставена мрежна врска пред радиото да започне да пребарува за безжични мрежи автоматски (погледнете го делот **„Почетни чекори“** > **„Изврши почетно поставување“** или **„Користи мени со поставки на систем“** > **„Прилагоди поставки на мрежа“** за да воспоставите мрежно поврзување).

2 Притиснете ⌂ **МЕНИ** да пристапите до менито.

3 Вртете го **копчето SELECT** да минувате низ опциите на менито:




- **[Station list]**: пребарува за сите достапни радиостаници на интернет.
- **[System settings]**: ги прилагодува поставките на системот (истата опција на менито за сите работни режими. За детали видете поглавје **„Користење на мени со поставки на систем“**).
- **[Main menu]**: пристапува до главното мени (истата опција на мени за сите работни режими. За детали видете поглавје **„Користење на главно мени“**).

4 Да изберете опција, притиснете го **копчето SELECT**.

5 Повторете ги чекорите 3 до 4 ако некоја подопција е достапна под некоја опција.

- За да се вратите на претходното мени, притиснете ⌂.

[Station list]

- **[Stations]**:
  - **[History]**: пребарува радиостаници на интернет низ историја.
  - **[Search]**: пребарува радиостаници на интернет. За да пребарувате, завртете го **копчето SELECT** да внесете лозинка со избирање знаци, па притиснете го **копчето SELECT** да продолжите.
  - **[Location]**: пребарува радиостаници на интернет според локација.

- [Popular]: пребарува најпопуларни радиостаници на интернет.
- [Discover]: пребарува за да открие листа за радио на интернет.

Совет

- На www.wifiradio-frontier.com, следете ги упатствата за да ги синхронизирате омилените станици со друго Wi-Fi-радио.
- Прикажаниот код за пристап важи само неколку минути. Ако не успеете да го регистрирате радиото во тој временски период, треба да ги повторите горенаведените чекори за да добиете нов код за пристап и да се обидете повторно.

## Зачувување радиостаници на интернет

Напомена

- Може да зачувате максимум од 10 до 20 радиостаници на интернет.

1 Во режим за радио на интернет, пребарувајте за радиостаница на интернет.

2 Притиснете и задржете ★ PRESET две секунди.
   ↳ Се прикажува листа на меморирани станици.

3 Вртете го **копчето SELECT** да изберете број за меморирање.

4 Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.
   ↳ [Preset stored] се прикажува.
   ↳ Станицата е зачувана на избраната позиција.

## Избирање меморирана радиостаница на интернет

Во режим на радио на интернет.

1 Притиснете ★ PRESET.

2 Вртете го **копчето SELECT** да изберете број.

3 Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

## Прикажување информации за радио на интернет

Додека слушате радио на интернет, притиснете и задржете ⌂ неколку пати да поминете низ следниве информации (ако се достапни):

↳ Опис на станица
↳ Жанр на станица и локација
↳ Кодек и стапка на семплирање
↳ Бафер за репродукција
↳ Датум

Напомена

- Ако не се притисне копче во рок од 15 секунди, менито се повлекува.
- Листите на станици и подменијата може да се менуваат од време на време во зависност од локацијата.

# 5 Слушање Поткасти

1 Неколку пати притиснете SOURCE да изберете [Podcasts] режим.

2 Притиснете МЕНИ да пристапите до менито.

3 Вртете го **копчето SELECT** да минувате низ опциите на менито:

4 Да изберете опција, притиснете го **копчето SELECT**.

5 Повторете ги чекорите 3 до 4 ако некоја подопција е достапна под некоја опција.

↳ За да се вратите на претходното мени, притиснете .




# 6 Слушање Spotify

Користете телефон, таблет или компјутер како далечински управувач за Spotify.

Одете на spotify.com/connect да дознаете како

Софтверот Spotify е подложен на лиценци од други производители што се наоѓаат тука:
www.spotify.com/connect/third-party-licenses.

# 7 Слушање DAB радио

## За DAB

За емитување дигитално аудио (DAB) DAB дигиталното радио е нов начин за емитување радио преку мрежа од земни предаватели. Им пружа на слушателите поголем избор и информации доставени со кристално чист квалитет на звук, без потпукнување.

- Технологијата овозможува приемникот да се поврзе со најсилниот сигнал што може да го најде.
- Со дигиталните станици DAB нема фреквенции за паметење и поставувањата се бараат по име на станица, па нема повторување на чекорот.

Што е мултиплекс?

Функционирањето на дигиталното радио се врши преку единечен блок на фреквенции наречен мултиплекс. Секој мултиплекс работи во рамки на фреквенциски спектар, како што е Опсег III за емитери DAB.

ЕМИТЕРИ DAB И DLS

Секој емитер на DAB (или оператор на мултиплекс) исто така обезбедува текст и услуги за аудио податоци. Некои програми се поддржани од Динамички означени сегменти (DLS). Ова се податоците што може да ги прочитате како лизгачки текст на дисплејот на вашето DAB радио. Некои станици ги емитуваат последните вести, информации за патување и временска прогноза, што е на програмата сега и следно, адреси за веб-локација и телефонски броеви.

За повеќе информации за покривањето и услугите на дигиталното радио, посетете: www.drdb.org.

## Пребарување за DAB радиостаници

Прв пат кога ќе изберете режим на радио DAB, или ако листата на станици е празна, радиото автоматски врши целосно скенирање.

- Неколку пати притиснете **SOURCE** да изберете **[DAB radio]** режим.
  - ↪ **[Scanning]** се прикажува.
  - ↪ Радиото ги скенира и автоматски ги зачувува сите радиостаници DAB, а потоа ја емитува првата достапна станица.
  - ↪ Листата на станици е меморирана во радиото. Следниот пат кога ќе го вклучите радиото, не започнува скенирање на станици.

**Да пребарувате станица од достапната листа на станици:**

- Во режим DAB, вртете го **копчето SELECT** за да се движите низ достапните DAB станици.

Совет

- Станиците може да се менуваат од време на време. За да ја ажурирате листата на станици, изберете го менито **[Scan]** за да извршите целосно скенирање.

## Зачувување радиостаници DAB

Напомена

- Може да зачувате максимум од 10 до 20 радиостаници DAB.

1. Во режим DAB, пребарувајте за радиостаница DAB.
2. Притиснете и задржете **PRESET** две секунди.

↳ Се прикажува листа на меморирани станици.

3 Вртете го **копчето SELECT** да изберете број за меморирање.

4 Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

↳ [Preset stored] се прикажува

↳ Станицата е зачувана на избраната позиција.

## Избирање меморирана DAB радиостаница

Во режим DAB имате два начина да изберете меморирана радиостаница.

Опција А:

1 Притиснете **PRESET**.

2 Вртете го **копчето SELECT** да изберете број.

3 Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

Опција Б:

- Притиснете **⏮** / **⏭** да прескокнете на претходната/следната меморирана станица.

## Користење мени во режим DAB

1 Во режим DAB, притиснете ⌂ **МЕНИ** да пристапите до менито DAB.

2 Вртете го **копчето SELECT** да минувате низ опциите на менито:




- [Station list]: ги прикажува сите радиостаници DAB. Ако не е најдена станица, радиото започнува да скенира DAB станици и да ги додава на листата на станици.
- [Scan]: скенира и ги зачувува сите достапни радиостаници DAB.
- [Manual tune]: пребарува за конкретен канал/фреквенција рачно и ја додава на листата на станици.
- [Prune invalid]: ги отстранува сите неважечки станици од листата на станици.
- [DRC]: го компресира динамичкиот опсег на радио сигнал така што јачината на звук на тивките звуци е зголемена, а јачината на звук на гласните звуци е намалена.
- [Station order]: овозможува вие да одредите како станиците се наредени додека минувате низ листата со станици.
- [System settings]: ги прилагодува поставките на системот (видете го поглавјето „**Користење на мени со поставки на систем**“).
- [Main menu]: пристапува до главното мени (видете поглавје „**Користење главно мени**“).

3 Да изберете опција, притиснете го **копчето SELECT**.

4 Повторете ги чекорите 2 до 3 ако некоја подопција е достапна под некоја опција.

- За да се вратите на претходното мени, притиснете ⌂.

[Prune invalid]

- [YES]: ги отстранува сите неважечки станици од листата на станици.
- [No]: враќа на претходното мени.

[DRC]

- [DRC high]: префрла DRC на високо ниво (се препорачува стандардната опција за бучно опкружување).
- [DRC low]: префрла DRC на ниско ниво.
- [DRC off]: исклучува DRC.

[Station order]

- [Alphanumeric]: ги уредува станиците по азбучен редослед (стандардна поставка)
- [Ensemble]: ги одредува групите на станици што се емитуваат заедно на иста групација (пр.: BBC или South Wales local).
- [Valid]: прво ги одредува важечките станици, а потоа станиците што не емитуваат.

Напомена

- Ако не се притисне копче во рок од 15 секунди, менито се повлекува.

# Прикажување информации за DAB

Додека слушате радио DAB, притиснете и задржете ⌂ неколку пати да поминете низ следниве информации (ако се достапни):

↳ Име на станица
↳ Динамичен сегмент со етикети (DLS)
↳ Јачина на сигнал
↳ Тип програма (PTY)
↳ Име на групација
↳ Фреквенција
↳ Стапка на грешка на сигнал
↳ Битова стапка и аудио статус
↳ Кодек
↳ Време и датум

# 8 Слушање FM радио

## Пребарување за FM радиостаници

1 Неколку пати притиснете **SOURCE** да изберете **[FM radio]** режим.

2 Притиснете и задржете ⏮ / ⏭ две секунди.

↳ Радиото автоматски пребарува FM радиостаница со силен прием.

3 Повторете го чекор 2 да пребарувате за повеќе радиостаници.

За рачно да пребарувате станици:

- Во режим на FM пребарувач, притиснете ⏮ / ⏭ неколку пати да изберете фреквенција.

## Зачувување FM радиостаници

Напомена

- Може да зачувате максимум 20 FM радиостаници.

1 Во режим FM, пребарувајте за FM радиостаница.

2 Притиснете и задржете **PRESET** две секунди.

↳ Се прикажува листа на меморирани станици.

3 Вртете го **копчето SELECT** да изберете број за меморирање.

4 Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

↳ **[Preset stored]** се прикажува.

↳ Станицата е зачувана на избраната позиција.

Совет

- Да отстраните претходно зачувана станица, зачувајте друга станица на нејзиното место.

## Избирање меморирана FM радиостаница

Во режим FM имате два начина да изберете меморирана радиостаница.

Опција А:

1 Притиснете **PRESET**.

2 Вртете го **копчето SELECT** да изберете број.

3 Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

Опција Б:

- Притиснете ⏮ / ⏭ да прескокнете претходната/следната меморирана станица.

# Користење мени во режим FM

1 Во режим FM, притиснете ⌂ **МЕНИ** да пристапите до менито FM.

2 Вртете го **копчето SELECT** да минувате низ опциите на менито:




- [Scan setting]
- [Audio setting]
- [System settings]: ги прилагодува поставките на системот (видете го поглавјето „**Користење на мени со поставки на систем**“).
- [Main menu]: пристапува до главното мени (видете поглавје „**Користење главно мени**“).

3 Да изберете опција, притиснете го **копчето SELECT**.

4 Повторете ги чекорите 2 до 3 ако некоја подопција е достапна под некоја опција.

- За да се вратите на претходното мени, притиснете ⌂.

[Scan setting]

- [Strong stations only?]-[YES]: скенира само FM радиостаници со силни сигнали.
- [Strong stations only?]-[NO]: ги скенира сите достапни FM радиостаници.

[Audio setting]

- [Listen in Mono only?]-[YES]: избира моно емитување.
- [Listen in Mono only?]-[NO]: избира стерео емитување.

Напомена

- Ако не се притисне копче во рок од 15 секунди, менито се повлекува.

# Прикажување RDS информации

RDS (Систем за радио податоци) е услуга што овозможува FM станиците да прикажуваат дополнителни информации.

Ако слушате FM станица со RDS сигнал, се прикажуваат иконата за RDS и името на станицата.

1 Пребарување за RDS станица.

2 Неколку пати притиснете и задржете ⌂ за да поминете низ следните информации (ако се достапни):

↪ Име на станица
↪ Радио пораки со текст
↪ Тип програма
↪ Фреквенција
↪ Датум

# 9 Користење на мени со поставки на систем

1 Во работен режим, притиснете ⌂ да пристапите до менито.

2 Вртете го **копчето SELECT** неколку пати да изберете [System settings].

3 Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

4 Повторете ги чекорите 2 до 3 да изберете опција.




- [Equaliser]: избира режим на еквилајзер.
- [Network]: ви овозможува да воспоставите мрежно поврзување.
- [Time/Date]: поставува време и датум.
- [Language]: избира јазик на систем
- [Factory Reset]: го ресетира радиото на фабрички стандарден статус.
- [Software update]: ги проверува информациите за ажурирање софтвер.
- [Setup wizard]: ви укажува да извршите почетно поставување.
- [Info]: информации за верзија на софтвер.
- [Privacy policy]: преглед на известување за приватност.
- [Backlight]: прилагодување на поставки за заднинска осветленост.

Напомена

- Ако не се притисне копче во рок од 15 секунди, менито се повлекува.

## Прилагодување на мрежни поставки

1 Изберете [System settings] > [Network].

2 Вртете го **копчето SELECT** да изберете опција или подопција, па притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

- [Network wizard]: ве упатува да воспоставите мрежно поврзување.
- [PBC Wlan setup]: изберете ја оваа опција ако вашиот безжичен пренасочувач поддржува WPS и PBC начин на поставување.
- [View settings]: прегледување на информациите за тековната мрежа.
- [Manual settings]:
  - [DHCP enable]: автоматски доделува IP адреса.
  - [DHCP disable]: рачно доделува IP адреса.
- [NetRemote PIN Setup]: поставува лозинка за далечинско влегување на мрежа.
- [Network profile]: прикажува список на мрежи запаметени од радиото.
- [Clear network settings]: чист избор на мрежни поставки.
- [Keep network connected?]: избира дали да ја одржи мрежата поврзана.

## Поставување време/датум

1 Изберете [System settings] > [Time/Date].

2 Вртете го копчето SELECT да изберете опција или подопција, па притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.




- [Set Time/Date]: поставува време и датум.
- [Auto update]:
  - [Update from DAB]: се синхронизира времето со DAB станици.
  - [Update from FM]: се синхронизира времето со FM станици.
  - [Update from Network]: се синхронизира времето со радиостаници на интернет.
  - [No update]: се деактивира синхронизацијата на времето.
- [Set format]: поставува 12/24 часовен формат.
- [Set timezone]: поставува временска зона.
- [Daylight savings]: активира или деактивира летно или зимско сметање на времето.

Напомена

- Ако го ажурирате времето од DAB или FM, опцијата за летно или зимско сметање на времето не функционира.
  Ако ажурирате од мрежата поставете ја вашата временска зона.

## Поставување јазик на систем

1 Изберете [System settings] > [Language].

↪ Се прикажува листа на јазици.

2 Вртете го **копчето SELECT** да изберете јазик на системот, па притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

## Ресетиртање на сите поставки

1 Изберете [System settings] > [Factory Reset].

2 Вртете го копчето SELECT да изберете опција, па притиснете го копчето SELECT да потврдите.

- [Yes]: Го ресетира радиото на фабрички стандарден статус.
- [No]: Враќа на претходното мени.

## Проверка на информации за ажурирање софтвер

1 Изберете [System settings] > [Software update].

2 Вртете го **копчето SELECT** да изберете опција или подопција, па притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.

- [Auto-check setting]: изберете дали повремено да се проверува за нови верзии на софтвер.
- [Check now]: веднаш проверува за нови верзии на софтвер.

Напомена

- Ако радиото открие дека е достапен нов софтвер, ве прашува дали сакате да продолжите со ажурирањето. Ако се согласите, новиот софтвер се презема и инсталира.
  Пред надградбата на софтверот, уверете се дека радиото е поврзано со стабилно електрично напојување.
  Исклучувањето на напојувањето во тек на ажурирање на софтвер може да го оштети производот.

## Информации за верзијата на софтвер

- Изберете **[System settings]** > **[Info]**.
  ↳ Се прикажува тековната верзија на софтвер.

## Прилагодување на поставки за задинско осветлување

1. Изберете **[System settings]** > **[Backlight]**.
2. Вртете го копчето SELECT да изберете опција или подопција, па притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.
   - **[Timeout]**: избира период на исклученост за прикажување заднинска осветленост.
   - **[On level]**: избира ниво на осветленост за заднинската осветленост.
   - **[Dim level]**: избира ниво на осветленост на екранот помеѓу Средна, Ниска и Исклучена.

# 10 Користење главно мени

1. Во работен режим, притиснете ⌂ да пристапите до главното мени.
2. Вртете го **копчето SELECT** неколку пати да изберете **[Main menu]**.
3. Притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.
4. Повторете ги чекорите 2 до 3 да изберете опција.
   - **[Internet radio]**: избира режим на радио на интернет.
   - **[Podcasts]**: **избира режим на радио со поткасти.**
   - **[Spotify]: избира режим на Spotify.**
   - **[DAB]**: избира DAB режим.
   - **[FM]**: избира FM режим.
   - **[Bluetooth]: избира Bluetooth режим.**
   - **[Sleep]**: поставува тајмер за спиење.
   - **[Alarms]**: поставува тајмер за аларм.
   - **[System settings]**: прилагодува поставки на систем (видете го поглавјето „**Користење на мени со поставки на систем**“).

Напомена

- Ако не се притисне копче во рок од 15 секунди, менито се повлекува.
- Исто така може да притиснете **SOURCE** да изберете режим: Интернет радио, поткасти, **Spotify DAB радио**, **FM радио или Bluetooth**.

## Поставување часовник и аларм

Напомена

- Може да поставите два аларма да ѕвонат во различно време.
- За да овозможите нормално работење на алармот, уверете се дека часовникот е правилно поставен.

1 Изберете [Main menu] > [Alarms].
↪ Ако не е поставен часовник, пораката ве потсетува да поставите часовник.

2 Притиснете OK да продолжите.
↪ Трепка бројката за ден.

3 Вртете го **копчето SELECT** да поставите ден, па притиснете го **копчето SELECT** да потврдите.
↪ Трепка бројката за месец.

4 Повторете го чекор 3 за соодветно да го поставите месецот, годината и времето.
↪ Се прикажуваат опциите [Alarm 1:off [00:00]] и [Alarm 2:off [00:00]].




5 Повторете го чекор 3 да изберете [Alarm 1:off [00:00]] > [Enable:] [Off].

6 Повторете го чекор 3 да го активирате или деактивирате тајмерот за аларм.
- [Off]: деактивирање на тајмерот за аларм.
- [Daily]: алармот се огласува секој ден.
- [Once]: алармот се огласува само еднаш.
- [Weekends]: алармот се огласува во саботи и недели.
- [Weekdays]: алармот се огласува секој ден од понеделник до петок.

7 Повторете го чекор 3 да изберете [time], па поставете го времето на алармот.

8 Повторете го чекор 3 да изберете [mode], па поставете го изворот на алармот.
- [Buzzer]:изберете ѕвонење како извор на аларм.
- [Internet radio]: изберете ја вашата последна слушана радиостаница на интернет како извор на аларм.
- [DAB]: изберете ја вашата последна слушана DAB радиостаница како извор на аларм.
- [FM]: изберете ја вашата последна слушана FM радиостаница како извор на аларм.

9 Повторете го чекор 3 да изберете [preset], а потоа изберете ја вашата последна слушана радиостаница или меморирана радиостаница како ваш извор на аларм.

10 Повторете го чекор 3 да изберете [Volume], па поставете ја јачината на звукот на алармот.

11 Повторете го чекор 3 да изберете [Save].
↪ Аларм 1 е поставен.

12 Повторете ги чекорите 5 до 11 да поставите Аларм 2.

**Напомена**

- Кога е активиран алармот, се прикажува икона за аларм за Аларм 1 или Аларм 2. Да го запрете алармот, притиснете ⏻ на радиото.
- Исто така може да одите до [System settings] > [Time/Date] да го поставите времето и датумот (видете „**Користење на мени со поставки за систем**" > „**Поставување време/датум**").

## Поставување тајмер за спиење




1 Изберете [Main menu] > [Sleep].

2 Вртете го **копчето SELECT** неколку пати за да го изберете периодот за тајмер за спиење (во минути).
↪ Кога се прикажува [Sleep OFF], тајмерот за спиење е деактивиран.

# 11 Други карактеристики

## Репродуцирање аудио преку Bluetooth

1. Неколку пати притиснете **SOURCE** да изберете [Bluetooth] режим.
2. Притиснете ⌂ **МЕНИ** да пристапите до менито.
3. Вртете го **копчето SELECT** да минувате низ опциите на менито:
    - Изберете ја опцијата на менито за спарување и притиснете го **копчето SELECT** да влезете во потсетникот за откривање Bluetooth: Поврзете се со уред на: Philips TAPR802, трепкањето на иконата за bluetooth значи дека бара статус на спарување.
    - На вашиот Bluetooth уред, овозможете Bluetooth и пребарајте за Bluetooth уреди што може да бидат спарени.
    - Изберете [Philips TAPR802] што е прикажано на вашиот уред за спарување.
    - По успешното поврзување, поврзувањето ќе се прикаже на екранот, а bluetooth иконата ќе се прикажува непрекинато.
4. Да изберете опција, притиснете го **копчето SELECT**.
5. Повторете ги чекорите 3 до 4 ако некоја подопција е достапна под некоја опција.
    - За да се вратите на претходното мени, притиснете ⌂.




## Прилагодување на јачина на звук

- Во текот на репродукцијата, неколку пати притиснете **+ VOL -** да ја прилагодите јачината на звук.

## Исклучување звук

- Во текот на репродукцијата на музика, притиснете исклучи звук за да го исклучите или повторно да го вклучите звукот.

# 12 Информации за производот

## Спецификации

### Засилувач

| | |
|---|---|
| Рангирана излезна моќност | 3 W RMS |
| Фреквенциски опсег | 80-20000 Hz, ± 3 dB |
| Однос сигнал-шум | > 65 dBA |

### Wi-Fi

| | |
|---|---|
| Wi-Fi протокол | 802.11 b/g/n |
| Фреквенциски опсег за Wi-Fi | 2412 MHz до 2472 MHz |
| Максимална пренос на моќност | 15,08 dBm |

### Бирач

| | |
|---|---|
| Опсег на бирање (FM) | 87,5-108 MHz |
| Опсег на бирање (DAB) | 174,928-239,2 MHz (Опсег III) |

### Звучник

| | |
|---|---|
| Импеданса на звучник | 4 ома |
| Чувствителност | 86 ± 3 dB/m/W |

### Bluetooth

| | |
|---|---|
| Верзија на Bluetooth | V4.2 |
| Фреквенциски опсег на Bluetooth | 2,4 Ghz ~ 2,48 GHz ISM опсег |
| Максимална пренос на моќност | - 4,1 dBm |
| Опсег на Bluetooth | 10 м (слободен простор) |

### Општи информации

| | |
|---|---|
| Наизменично електрично напојување (адаптер за електрично напојување) | Име на бренд: PHILIPS |
| | Влез: 100-240 V~, 50/60 Hz, 0,4 A<br>Излез: 5,0 V ⎓ 2,0 A |
| Потрошувачка на електрична енергија при работа | ≤ 10 W |
| Потрошувачка на електрична енергија во подготвеност (без Wi-Fi) | ≤ 1 W |

### Димензии

| | |
|---|---|
| Главна единица (Ш x В x Д) | 185 x 108 x 102 мм |

### Тежина

| | |
|---|---|
| Главна единица | 0,78 кг |

# 13 Решавање проблеми

**Предупредување**

- Никогаш немојте да го вадите куќиштето на овој уред.

За гаранцијата да биде важечка, никогаш не обидувајте се да го поправате системот самите. Ако се соочувате со проблеми кога го користите овој производ, проверете ги следниве ставки пред барањето сервис. Ако проблемот остане нерешен, одете на веб-локацијата на Philips (www.philips.com/support). Кога ќе го контактирате Philips, уверете се дека уредот е во близина и дека се достапни бројот на модел и серискиот број.

### Нема напојување

- Уверете се дека приклучокот за наизменично електрично напојување на радиото со часовник е правилно поврзан.
- Уверете се дека има електрична енергија во приклучницата за електрично напојување.

### Нема звук или звукот е слаб

- Прилагодете ја јачината на звук.
- Проверете дали радиото е со исклучен звук или дали радиостаницата сè уште се баферира.
- Целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на антената на радиото.
- Чувајте го радиото подалеку од други електронски уреди за да избегнете радиоинтерференција.
- Проверете го поврзувањето на Wi-Fi мрежата.
- Вртете ја и прилагодете ја положбата на Wi-Fi антената.

### Нема одговор од единицата

- Исклучете го и повторно приклучете го приклучокот за наизменично електрично напојување, па повторно вклучете го радиото.
- Проверете дали радиото е во режим на подготвеност. Ако е, вклучете го радиото.

### Слаб радио прием

- Чувајте го радиото подалеку од други електронски уреди за да избегнете радиоинтерференција.
- Целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на антената на радиото.
- Проверете го поврзувањето на Wi-Fi мрежата. Вртете ја и прилагодете ја положбата на Wi-Fi антената.

### Недоволна јачина на сигналот за Wi-Fi

- Проверете го растојанието помеѓу вашиот пренасочувач и радиото.
- Вртете ја и прилагодете ја положбата на Wi-Fi антената.

### Не може да се поврзе на вашата Wi-Fi мрежа

- Проверете дали безжичниот пренасочувач е исклучен.
- Проверете дали безжичниот пренасочувач поддржува WPS. Користете го правилниот начин за поставување (PBC или PIN) за да го поврзете вашиот пренасочувач што поддржува WPS со радиото. Ако е потребно, погледнете го корисничкото упатство на вашиот безжичен пренасочувач за тоа како да поставите Wi-Fi поврзување.
- Повторно конфигурирајте ги поставките за Wi-Fi (видете **„Почетни чекори“** > **„Извршување почетно поставување“** и **„Користење мени со поставки на систем“** > **„Прилагодување на мрежни поставки“**).

### Некои станици понекогаш не функционираат

- Некои станици може да поддржуваат само ограничен број на слушатели. Ако се обидете повторно по неколку минути, ќе може да ги слушате станиците.
- Станицата сега не емитува. Обидете се повторно подоцна.

### Некои станици исчезнале од листата на станици

- Кога станицата ќе престане да емитува на интернет, ќе биде отстранета од листата. Радиото постојано ќе проверува дали станицата е во етерот. Ако повторно започне со емитување, ќе биде вратена на листата на станици.

### Алармот не функционира

- Правилно поставете го часовникот/алармот.

# 14 Известување

Сите промени или измени направени на овој уред што не се изрично дозволени од MMD Hong Kong Holding Limited може да го поништат овластувањето на корисникот да работи со опремата.

## Усогласеност

Со ова, MMD Hong Kong Holding Limited изјавува дека овој производ е усогласен со основните барања и други релевантни одредби од Директивата 2014/53/EU. Изјавата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/ support.

## Грижа за животната средина

### Фрлање на вашиот стар производ и батерија

Вашиот производ е дизајниран и изработен од материјали и компоненти со висок квалитет, кои може да се рециклираат и повторно да се користат.

Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен од Европската Директива 2012/19/EU.

Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени од Европската Директива 2013/56/EU кои не може да се фрлаат со обичен отпад од домаќинството. Информирајте се за локалниот систем за издвоено собирање на електрични и електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите со обичниот отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

### Вадење на батериите за фрлање

Да ги извадите батериите за фрлање, видете го делот инсталирање на батерија.

### Информации за животната средина

Избегнато е секакво непотребно пакување. Се обидовме да направиме пакувањето да биде лесно да се издвои на три материјали: картон (кутија), полистиренска пена (заштитник) и полиетилен (торбички, лист од заштитна пена)

Вашиот систем содржи материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако се издвојат од специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со фрлањето на материјалите за пакување, истрошени батерии и стара опрема.

## Известување за заштитен знак

Логотипот и логото Bluetooth® се регистрирани трговски заштитни марки во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на таквите ознаки од MMD Hong Kong Holding Limited е лиценцирана. Други трговски заштитни марки и трговски имиња се оние на нивните соодветни сопственици.

### Симбол за опрема од Класа II

Овој симбол укажува дека единицата има систем на двојна изолација.

Софтверот Spotify е подложен на лиценци од други производители што се наоѓаат тука:
www.spotify.com/connect/third-party-licenses.

Спецификациите се предмет на промена без известување.

Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани трговски марки на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited. или една од неговите подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во врска со овој производ.

TAPR802_12_UM_V1.0